

# Уртикарија (копривна треска)

## Важни работи

- Во најголемиот дел од случаите на копривна треска не постои очигледна причина за нејзината појава
- Се смета дека предизвикувачот најчесто е вирус
- Копривната треска може да биде предизвикана од алергија на некои видови храна
- Избегнувајте ја топлината во текот на нападот и обидете се да ја изладите кожата колку што може повеќе
- Антихистаминските сирупи препишани од лекар ќе ги контролираат најтешките напади на копривна треска ако се дадат брзо
- Нанесувањето на лосиони и кремови на кожата не ја подобрува многу состојбата

## Што е тоа

Копривната треска (уртикарија) е многу честа кај децата. Се јавува во форма на црвени брунчиња што многу чешаат и што се јавуваат во рок од само неколку минути, траат околу еден час, а потоа сосем исчезнуваат, а кожата пак станува нормална. Понекогаш кај децата копривната треска може да се јави и во форма на модринки. Кога кај детето еднаш се појавила копривна треска, топлината ќе ја влоши состојбата и ќе го зголеми јадежот.

## Каде се јавува?

Може да се јави било каде на телото, вклучувајќи го лицето, трупот и рацете и нозете. Повеќето напади траат само неколку дена, а во текот на тоа време брунчињата се појавуваат и исчезнуваат. Понекогаш копривната треска може да продолжи да се јавува и да исчезнува во текот на повеќе месеци.

## Што ја предизвикува?

Во повеќето случаи на копривна треска не постои некоја очигледна причина. Се мисли дека најчест предизвикувач кај децата може да е вирусно заболување, иако децата инаку се чувствуваат добро. Во таквите случаи копривната треска обично се смирува за помалку од една недела, иако може пак да се појави при некои други болести. Бактериските инфекции исто така може да предизвикаат копривна треска и може да биде потребно да се земаат антибиотици. Копривната треска исто така може да биде предизвикана од алергија на нешто што било изедено, како што се јагодите или морските плодови. Понекогаш и лековите, како што е пеницилинот, може да предизвикаат копривна треска.

### Како се лекува?

Црвените брунчиња на кожата што чешаат настануваат поради ослободувањето на хистамин, кој претставува одговор на кожата како последица на алергиска реакција. Па затоа, лекувањето се врши со антихистамински сирупи, кои обично ги препишува лекар. Тие обично можат да ги контролираат повеќето напади на копривна треска. Во текот на напад на копривна треска треба да се избегнува топлина, зашто таа само ќе ја влоши состојбата. Ладењето на детето со вентилатор или со студена влажна крпа на местата што чешаат ќе го намали јадежот и може да го скрати времетраењето на нападот. Нанесувањето на лосиони и кремови на кожата речиси воопшто не помага.

Повеќето напади на копривна треска кои настануваат поради храна, се случуваат во рок од 12 часа откако се изела храната. Обидете се да утврдите точно која храна вашето дете ја јадело во последните 12 часа пред секој напад на копривна треска. Можеби ќе можете да откриете која храна ја предизвикува таквата состојба и да избегнувате да му ја давате на детето да ја јаде во иднина.

### Натамошни информации

Вашиот семеен лекар.
Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог, или лекар специјалист за алергии за копривна треска што не минува.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.